**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности***
**Број 11-874/4 од 26.08.2025 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23,73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 I 127/25) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 I 143/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ ОД СОНЧЕВА ЕНЕРГИЈА СО НАМЕНА Е1.13- ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1 MW И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ НА КП 36 КО СТРУГОВО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW и придружни објекти на КП бр.36 КО Стругово, Општина Демир Хисар, со техн.број 11-15/2025 од август 2025 година, изработена од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ БИТОЛА, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови со број 0082 од 05.08.2024 год. со важност на неопределено време и планер Виолета Југовска дипл.инг.арх. со овластување бр.0.0502, со важност на неопределено време.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот Бранислав Трпчески, со адреса на ул„Вангел Николоски” број 20, Охрид, преку овластениот полномошник Друштво за геодетски работи, трговија и услуги „ГЕО БАЛКАН” ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.„Питу Гули” број 47 Б, Битола, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-874/1 од 13.08.2025 година, за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ ОД СОНЧЕВА ЕНЕРГИЈА СО НАМЕНА Е1.13- ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1 MW И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ НА КП 36 КО СТРУГОВО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР , изработена од „ГЕО БАЛКАН” ДООЕЛ Битола, правно лице кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0082, издадена од Министерство за транспорт и врски на 05.08.2024 година , со важност на неопределено време.
Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** од 28.03.2025 год.
- **Проектна програма** со техн.број 11-15/2025 од август 2025 година, изработена од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови со број 0082 од 05.08.2024 год. со важност на неопределено време и овластен планер Виолета Југовска дипл.инг.арх. со овластување бр.0.0502, со важност на неопределено време
- Графички прилог со вцртан опфат на ажурирана подлога
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП со техн.бр.Y18925 од јули 2025 година
- **Решение за услови за планирање на просторот** со Арх.бр. 15 -2962/2 од 24.07.2025 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање
- **Полномошно** од инвеститор заверено кај нотар Васко Паскали со број УЗП 1064/2025 од 03.02.2025 година
- **Изјава за финансирање** на изработката на урбанистичката документација заверена на нотар Васко Паскали со број УЗП 1790/2025 од 19.02.2025 година

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25) за што согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ ОД СОНЧЕВА ЕНЕРГИЈА СО НАМЕНА Е1.13- ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1 MW И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ НА КП 36 КО СТРУГОВО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР со број 11-874/3 од 21.08.2025 година.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska

Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2025.08.22 11:12:26 +02'00'

Општина Демир Хисар

Градоначалник

**Никола Најдовски**

Nikola Najdovski

Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=246077, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025-08-29 11:32:53